


СОКОМ

Република Северна Македонија
Министерство за култура

## КАМЕРНО - СОЛИСТИЧКИ КОНЦЕРТ

# МОЈ РОДЕН ГРАД

**Ана Спасовска - виолина**
**Дејан Теодосиевски – виолончело**
**Елена Атанасовска Ивановска - пијано**

Вторник, 20 септември 2022
20.00 часот
Музеј на македонската борба

ПРОГРАМА:

Петре Богданов-Кочко
„ЧЕТИРИ ЛИРСКИ ПИЕСИ“ за виолончело и пијано

Тома Прошев
ТРИ МИНИЈАТУРИ од циклусот „ДЕСЕТ МИНИЈАТУРИ“ (1965) за соло виолина

Драган Ѓаконовски-Шпато
„ЕЛЕГИЈА“ за виолина и пијано

Гоце Коларовски
„ДВА ПРЕЛУДИУМИ“ (1997) за виолина и пијано

Бојана Петровиќ-Алексова
„ТЕШКОТО“ (2005) за соло виолончело

Горан Начевски
„НЕФОРМАЛНИ РАЗГОВОРИ И ФУГА“ (2004) за виолина и пијано

Валентина Велковска-Трајановска
„ОГЛЕДАЛА“ (2010) за пијано трио

АНА СПАСОВСКА започнува да свири виолина на 9 годишна возраст. Нижото и средно музичко образование ги завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски- Луј“ во Скопје, во класата на Проф. Александра Младенова. Своите студии ги продолжува на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на Професорот Олег Кондратенко. Во текот на своето музичко образование Ана учествува и освојува први и втори награди на државните натпревари по виолина во соло категорија, како и специјални први награди во категорија камерна музика. Како солист, Ана зема учество на голем број концерти, проекти, музички манифестации и фестивали меѓу кои се „Охридско лето“, „Скопско лето“,, „Виолин фест“, „Денови на македонската музика“, а како дел од Оркестарот на ФМУ настапува на фестивалот „ФИМУ“ во Белфор, Франција. Во 2015 година беше дел од „Младински супер оркестар“ со кој настапува во Љубљана и Белград. Од 2016 година Ана редовно настапува на концертите на младинскиот оркестар „Македонска музичка младина“ и камерниот оркестар „Солисти на ФМУ“. Учествува на семинарите по виолина под раководство на Професорот Олег Кондратенко (2016, 2017, 2018, 2019); Јова Јорданова (2014); Емилио Перцан (2014, 2015, 2016); и семинарот за барокна музика кај Саболч Илеш во 2017 година. Од 2018 година започнува да свири во филмскиот оркестар „FAMES“. Во 2018 година Ана започнува да студира и втор отсек на Факултетот за Музичка уметност во класата на Маестро Борјан Цанев. Како студент настапува со симфонискиот оркестар на ФМУ. Од 2019 година активно учествува на семинарите по диригирање на Маестро Урош Лајовиц во Дубрвоник и Пловдив. Таа дебитираше со Дубровачкиот Симфониски оркестар во 2019 година, а неколку месеци подоцна застана зад диригентскиот пулт на Државната Опера во Пловдив. Нејзината соработка со Маестро Лајовиц продолжи и во 2020 година, повторно во Дубровник. Во 2021 година за првпат диригира со оркестарот на Музичка младина на Македонија. Настапува како диригент на првиот Скопски Брас фестивал. Веднаш потоа диригира со Македонската филхармонија како дел од концертот “ Звукот на идната генерација”. На летниот камп на Музичката младина беше асистентка на нејзиниот Професор Борјан Цанев и настапи на Охридско лето диригирајќи на јубилејниот концерт на МММ. Во ноември 2022 година по вторпат настапува како диригент со Македонската филхармонија.

ДЕЈАН ТЕОДОСИЕВСКИ е роден во 1973 година во Белград, Р. Србија.
Основното и средното музичко образование ги стекнува во Скопје, во МБУЦ Илија Николовски Луј, каде што учи виолончело кај проф. Димче Стојановски. Потоа, во 1992 година се запишува на ФМУ во Скопје, каде дипломира виолончело во класата на проф. Душка Тасеска во 1997 година. За време на школувањето учествува на неколку семинари, меѓу кои и кај професорите Михаил Хомицер и Кирил Родин, како и часови по виолончело кај професорите Иштван Варга и Анатоли Крстев. Исто така, за време на средношколските и факултетските денови, Дејан Теодосиевски е редовен учесник на камерниот оркестар на Маузиката Младина на Македонија, со кој редовно настапува во земјата и во странство
Од 1995 почнува да настапува како хонорарец во оркестарот на Македонската филхармонија, каде што се вработува во 1999 година и каде и денес работи как Заменик-водач на групата виолончела. Во својата музичка кариера Дејан Теодосиевски настапува како камерен музичар на повеќе концерти во републиката, но и во странство. Дејан Теодосиевски е основач на Гудачкиот квартет ВИВА Стрингс, а исто така и член на Етно-составот Баклава, со кој често настапува на домашната, но и на странските сцени.

ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА - ИВАНОВСКА е една од најуспешните и најафирмирани македонски уметници - пијанисти, издвојувајќи се со нејзиниот префинет звук и елегантен израз, но и нејзината огромна продуктивност, евидентна по големиот број на настапи во Македонија и надвор од неа. Елена настапувала како солист и камерен музичар во Шпанија, Италија, Португалија, Русија, САД, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово, остварувајќи бројни концерти во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето“, „Скопско Лето“, „Есенски музички свечености“, „ДММ“, „Битолско лето“, „Гевгелиска есен“, но и фестивали надвор од земјава, како, „Сараевска Зима“ – Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa“ - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes“ – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije“, „Carniarmonie“ итн. Како камерен музичар Атанасовска редовно настапува со домашни и странски уметници како: Марија Ѓошевска, (пијано), Гордана Јосифова – Неделковска (обоа), Горан Начевски (баритон), Ристо Ѓоревски (кларинет), трио Атанасовска/Вршкова/Пројковска, Сергеј Петров (кларинет- Русија), Јакоб Бокун (кларинет- Полска), Пјер Генисон (кларинет – Франција), Тери Роудс (сопран – САД) и други. Во текот на својата наобразба кај педагозите: проф. Л.Мрмевска и проф. Б.Романов се здобива со повеќе први награди на државните натпревари, како и многубројни награди на меѓународни натпревари во Италилја, Бугарија, Србија. Исто така бележи и настапи како солист со Македонската филхармонија и Камерниот оркестар на МММ. Со научниот труд ,, Биофидбек методата како начин и средство за подобрување на музичките перформанси кај студентите по пијано во Република Македонија“ се стекнува со звањето доктор на науки. Атанасовска исто така активно остварува аудио записи. Покрај компакт дисковите реализирани во соработка со пијанистката М. Ѓошевска и кларинетистот Р.Ѓоревски, таа непрекинато снима како соработник на оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S, а од особено значење е издавањето на компакт диск за продукциската куќа DUX со музика од шведската кралска династија Бернадот. Елена Атанасовска – Ивановска е вонреден професор на катедрата по клавишни инструменти при ФМУ-Скопје.